ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

www.fzo.org.mk

**Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

**До: ЈЗУ** ____________________________________

**Бр. 08-** 20227/

**Дата:** 30. 11. 2015

**Предмет: Известување за достава на Годишните финансиски планови на приходи и расходи преку е-Трезорот на ФЗОМ**

Почитувани,

Би сакале да Ве известиме дека во рамки на постојаното воведување на информатички технологии и унапредување на работењето, ФЗОМ го надгради трезорскиот систем за јавните здравствени установи. Меѓу другото, од 2016 година годишните планови и нивните измени (поради нови надоместоци од ФЗОМ, проширување на сопствените сметки, како и вршењето на пренамените) ќе се вршат по електронски пат, односно преку системот за е-трезор.

Иако во минатото секогаш ФЗОМ се трудеше да излезе во пресрет и во најбрз можен рок да ги врши погоре наведените измени на годишните планови, со новините истите ќе се автоматизираат, а со тоа значително ќе се олесни Вашето работење. Имено веќе нема да доставувате годишни планови, измени и пренамени во хартиена форма, туку преку системот за е-трезор на ФЗОМ и истите во најкраток рок ќе бидат спроведувани. Покрај тоа ќе се избегне одолговлекувањето на процесите поради грешки во плановите, бидејќи сиситемот во себе има вградено бројни контролни механизми кои веднаш ќе Ви сигнализираат за одредени грешки.

**Напоменуваме дека овие измени ќе започат со работењето на трезорот за 2016 година. Според тоа потребно да ги известите Вашите одржувачи на системи да ги прилагодат истите согласно нашите насоки. Прилагодувањето треба да го завршите во најбрз рок, односно најдоцна до 10-ти декември 2015 година, од кога би требало да започне вчитувањето на веќе доставените финансиски планови за 2016 година во xml формат.**

Насоките за пропишаниот xml формат, начинот на пополнување и потпишување на плановите се опишани во прилозите кои ќе Ви бидат доставени на e-mail и ќе бидат објавени на веб страната на ФЗОМ на адреса:
http://www.fzo.org.mk/default.asp?ItemID=443E5BA94C45EA4AAD76651A34EBED7D

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Директор
Д-р Сашо Стефаноски

Директор
Орхан Рамадани
Orhan Ramadani

Република Македонија — Фонд за здравствено осигурување на Македонија — Скопје

Изготвил: Славица Костовска
Зоран Ристов

Контролирал: Владимир Димковски